Ако сакате Вашето дете да го едуцираат наставници со признат квалитет ПОВЕЛЕТЕ ВО ООУ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-Центар

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕ:**

***Извод од матична книга на родените**

***Лекарска потврда од матичен доктор со примени задолжителни вакцини**

***Лекарска потврда од стоматолог**

Уписниот рок за сите деца кои ќе наполнат 6 години до крајот на 2017 година е од: 3 мај до 31 мај









Изработиле: Нела Слезенкова Никовска—одд. наставник
Маја Ѓорчевска Затуроска—педагог

# ООУ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ЦЕНТАР, СКОПЈЕ

МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето се стреми кон развивање на социјален, интелектуален и академски прогрес на учениците.
Ние обезбедуваме подеднаков напредок на учениците преку развивање на нивните вештини, таленти и потреби.
Светот го замислуваме глобално и отворено, како место исполнето со почит и разбирање.

ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Визија на училиштето е да ги инспирира учениците до нивниот максимален потенцијал, воедно да ги мотивира на поттикнување на одговорно однесување и вредна работа.
Училиштето верува во овие атрибути за да постигнеме единствен профил на ученик.

**Ул. 1737 бр.1 Центар Скопје**
**Тел/факс+389 23164357**
**Mail: oukimsk@yahoo.com**
**www.oukimcentar.edu.mk**

# Училиште со традиција

- Ние сме најстарото училиште во Република Македонија, постоиме од 1836 година
- Синоним за успешно опстојување низ вековите, а наставниот кадар и учениците нижат успеси преку разни проекти во државата и во светски рамки
- Вашето дете ќе биде 181 генерација во училиште во кое учителствувал Јордан Хаџи Константинов -Џинот





**Опис на училиштето**
Училиштето располага со следните услови за работа:

- Современо уреден ентериер кој одговара на потребите на современата настава
- Современи дидактичко-образовни средства за изведување на креативно, истражувачка настава (Smart-табла, Mimio-табли, дигитални микроскопи, LCD-проектори)
- Безбедна средина и позитивна училишна клима
- Организирана целодневна настава за учениците од прво до петто одделение со вклучени три оброка
- За учениците од VI до IX одделение се реализира кабинетска настава

**Настава**
Во училиштето се организира и реализира истражувачка настава. При планирањето на образовно-воспитниот процес се применуваат многубројни:

- Современи методи, форми и постапки на активно учење, учење со откривање, учење по пат на решавање проблеми, кооперативно учење;
- Грижа за интелектуалниот, социјалниот, емоционалниот и физичкиот развој кај учениците;
- Поттикнување на самодоверба, сигурност и позитивен став кон учењето;
- Развој на социјални, комуникативни, истражувачки вештини
- Континуирано следење и вреднување на развојот и напредокот на учениците (дијагностичко, формативно и сумативно оценување)

Први во ........

Прво училиште во кое се образувале најголем број ученици (околу 20 000)

Прво училиште во кое Ј.К. Џинот вовел нова организација на наставна работа

Прво училиште во кое е укината применета на физичка казна како педагошка мерка

Прво училиште во кое наставата се изведува на мајчин јазик, македонски

Прво училиште во кое Ј. Х. Џинот поставил клупи и применувал современи наставни средства (глобус, географски карти и др.)

Прво училиште и единствено училиште во кое по ослободувањето се огласило првото училишно ѕвоно, повикувајќи ги учениците на првиот училишен час во слободна територија